Врз основа за член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/147, 44/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), со член 22 став 1 точка 4 и член 62 во врска од Законот за локалната самоуправа патишта ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 12 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдува обемот на работа, средствата за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година, нивниот распоред и начинот на користење.

**Член 2**

Изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици, Општина Валандово во 2025 година ја планира на следниот начин и со следните средства:

**<u>ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ</u>**

1. 720.193,93 евра во денарска противредност (по Проект за изградба на локални улици и патишта на Министерството за транспорт), со намена:
   - Изградба на ул. „Моша Пијаде“ во с.Јосифово – со дополна на основниот проект за изградба на улица Јосифово-Калково за бетонирање на канал за прифаќање на атмосферските води од локалниот пат Јосифово - Калково;
   - Изградба на улица Новопроектирана 1 во Валандово (од населбата „Мечкин даб“ до новите градски гробишта и крак со поврзување во Регионален пат Р 1105);

2. 10.010.227,00 денари Министерство за транспорт, со намена:
   – Изградба на новопланирана улица во комплекс со намена Г2, Г3, Г4 КО Јосифово;

3. - 2.850.000,00 денари (од Агенција за државни патишта),
   - 7.600.000,00 денари (средства од Буџет на Општина Валандово),

   со намена за изградба и реконструкција на:
   - Улици во населените места во општината;
   - Улици во градот Валандово.

**<u>ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ</u>**

- 600.000,00 денари за одржување на улици и патишта (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**<u>НАДЗОР НАД ГРАДБИТЕ</u>**

- 400.000,00 денари (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**Член 3**

Доколку во постапката за јаван набавка, за реализација на планираните изградби, се постигне пониска цена од висината на планираните средства со оваа програма и доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово, соодветно ќе се изврши дополнување на оваа програма.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков